# Outpatient Clinic Information

Eye & Ear Hospital
caring in every sense

Macedonian

32 Gisborne Street, East Melbourne Phone (03) 9929 8500 National Relay Service 133 677 www.eyeandear.org.au

## How do I get to the Eye and Ear Hospital in East Melbourne?




### Каде е болницата?

Болницата е на 32 Gisborne Street, во Источен Мелбурн (видете ја мапата). Таа има два главни влеза - од Gisborne Street и од Morrison Place. Клиниките за надворешни пациенти (outpatient clinics) се лоцирани најблизу до влезот од Morrison Place. Двата влеза имаат пристап за инвалидски колички. Melways мапа 44, A7.

### Има ли паркинг?

Околу болницата има повеќе јавни паркиралишта од кои најблиското е на Albert Street (на мапата означено со P). Околу болницата има места со паркингметри. Места за паркирање до 15 минути има близу влезот од Gisborne Street, а за лица со попречености (disabled) на Morrison Place. На Victoria Parade и Albert Street важи забрана за паркирање во одредено време (clearway times). Нелегално паркираните коли се отстрануваат. Ве молиме внимателно читајте ги знаковите за паркирање, бидејќи болницата не презема одговорност за казни за паркирање.

### Дали има јавен превоз близу до болницата?

**Возови:**
Болницата се наоѓа близу станицата Parliament на City Loop. Излезете на излезот кон Lonsdale/ Nicholson Street и одете пеш по Albert Street кон болницата.

**Трамваи:**
Станица на линиите 109 (Port Melbourne – Box Hill), 112 (Preston) и 24 (North Balwyn) е пред болницата на Victoria Parade.

**Автобуси:**
Линии 301 и 319 (The Pines преку Templestowe), 302 (Box Hill), 308 (Deep Creek), 309 (Donvale), 313 (Templestowe shops), 315 (Box Hill), 350 (La Trobe University), 402 (Footscray).

*За повеќе информации за јавен превоз што ви одговара јавете се на MetLink на 131 638 или посетете ја интернет страницата www.metlinkmelbourne.com.au*

**Такси:**
Такси постојка има директно пред болницата. Близу влезот од Morrison Place има бесплатен директен телефон за нарачување такси.

## Шта ако имам проблеми да дојдам во болницата?

Јавете му се на нашиот референт за превоз на (03) 9929 8635 кој можеби ќе може да помогне околу можностите за превоз.

## Што се клиники за надворешни пациенти?

Клиниките ги сочинуваат група специјалистички клиники за очи, уши, нос и грло. Ние ќе ја процениме вашата состојба користејќи низа специјализирани тестови и со вас ќе разговараме за можностите за лекување.

## Кое е работното време на клиниките?

Понеделник до петок од 8.30 наутро до 17.30.

## Дали може некој да дојде со мене на прегледи во клиниките?

Вие може да земете некого со вас, но поради ограничениот број места за седење би ве замолиле дојдете само со еден придружник. Ако доаѓате во очна клиника, ви советуваме да не возите, бидејќи капки за очи може да ви го замаглат видот.

## Што ако ми треба преведувач?

Преведувачи се на располагање. Телефонирајте на (03) 9929 8234 за да закажете преведувач за вашиот преглед. Ако сте закажале преведувач, а потоа го откажете прегледот, јавете се на болницата за да го откаже преведувачот.

## Што ако сум глув или имам оштетен слух?

Ако треба да ни се јавите со користење на TTY (телефонска машина за пишување), ве молиме јавете се преку National Relay Service на 133 677. За да нарачате Auslan преведувач за вашиот преглед, телефонирајте на (03) 9929 8234.

## Може ли да одберам доктор?

Како јавна болница, ние имаме извесен број доктори и ќе одредиме некој од нив за вашиот преглед. Вие може да видите ист или друг доктор при секој ваш преглед во клиника.

## Дали треба да платам за прегледот во клиника?

Ако имате Medicare картичка, нема да платите за лекарскиот преглед. Лековите ќе ви бидат наплатени. Цените се различни, а корисниците на пензиска или здравствена (Health Care) картичка имаат право на попуст.

## Има ли социјален работник?

Социјален работник е на располагање од понеделник до петок и може да се контактира на (03) 9929 8527.

## Зошто треба да се пополни здравствен прашалник (Health Questionnaire)?

Прашалникот ни дава важни информации за вашето општо здравје и медицинска историја, и ќе ни помогне да ја процениме и лекуваме вашата здравствена состојба.

## Кои се моите права и одговорности?

Во Повелбата на пациент во државна болница (Public Hospital Patient Charter) се наведени вашите права и одговорности како пациент во оваа болница и во нив е вклучено следното:

- Пристап до лекување без оглед на финансискиот статус
- Лекување и нега во безбедно опкружување – Учество во донесувањето одлуки за вашето лекување и постојана нега по пуштањето од болница
- Информации за вашата здравствена нега и право на второ мислење
- Пристап до вашата медицинска документација и чување во доверба на вашите лични податоци
- Однесување со почитување, достоинство и внимание кон вашата приватност
- Пристап до нега со чувствителност кон културата
- Можност да се покренат прашања или проблеми со претставник на пациенти (Patient Representative) или со надворешни агенции.

*Повеќе информации може да се добијат од претставник на пациенти во болницата на (03) 9929 8666 или на интернет страната www.health.vic.gov.au/patientcharter/patients*

---

За информации за нашата посветеност на чувањето на вашата приватност ве молиме видете ја нашата брошура за приватноста, што е достапна на www.eyeandear.org.au или со телефонирање на нашиот референт за приватност на (03) 9929 8570.